*Philological Studies* **20, 2, (2022), 69-85** **Изворен научен труд**

**UDK: 821.163.3.09:502/504**
**DOI: https://www.doi.org/10.55302/PS22202069mg**

# ЕКОЛОГИЈАТА ВО МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА: КУЛТУРНИ ИМПЛИКАЦИИ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ

**Јасмина Мојсиева-Гушева**
*Институт за македонска литература,*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје*
https://orcid.org/0000-0002-3513-0708

**Клучни зборови:** екосвест, еколошко образование, културна политика, мотивирана присутност, животна средина, загадување, екоактивизам, детска литература.

**Резиме:** Еден од важните фактори за развој на еколошката свест и за едукација на младата генерација може да биде и литературата. Во трудот се поаѓа од претпоставките дека читањето белетристика со еколошка содржина: ја поттикнува грижа за животната средина, ја нагласува потребата за правилно управување со природните ресурси, ја развива љубовта кон природата и кон секое живо суштество и ја имплицира свесноста за зачувување на екосистемот.
Преку соодветна анализа на македонските детски литературни дела, кои обработуваат еколошки теми (екосвест, екообразование, загадување, природна средина, заштита на животинските видови, екоактивизам) доаѓаме до одредени заклучоци за: квалитетот, недостатоците и состојбата на екосвесноста кај детската популација во Македонија. Поконкретно, во трудот ќе бидат анализирани детски научнофантастични романи: „Планета Октаlц" (1988) од Лилјана Белева (посветени на еколошка катаклизма); „Авантурите на Марко и Дамјан" (2005) од Мирко Зафировски (кој ја иницира потрагата по незагадена планета); потоа се задржуваме за младинскиот роман „Тополите на крајот од дедовата ливада" (2001) од Бистрица Миркуловска (како илустрација на училишниот екоактивизам); романот за деца „Киндер квачка" (1999) од Киро Донев (преку кој децата можат правилно и ненаметливо да учат за еколошките содржини уште од мали нозе); романот „Професор Еднокамчев" (1999) од еколошката активистка Мимоза Ристова (посветен на проблемот со преживувањето на дивите мечки) и на крајот екоромнот „Зелена приказна" (2008) од Звонко Шавревски (кој го обработува проблемот на принудната мелиорација).
Извршената анализа ги наметна проблемите на недоволна застапеност на детската еколошката литература во формалното образование, неприлагодените форми за возраста на децата, како и неадекватнообработените содржини.
Овој труд беше насочен кон откривањето како анализираните книжевни дела го отсликуваат односот на човекот кон средината во која живее, истакнувајќи ја при тоа и важноста на еколошките теми за човештвото, и сето тоа со една основна цел да ја иницираме потреба од создавање на адекватна еколитература во Македонија, што ќе доведе до промени во севкупниот однос на општеството кон природата.

# ECOLOGY IN MACEDONIAN LITERATURE FOR CHILDREN: CULTURAL IMPLICATIONS FOR SOCIAL CHANGES

**Jasmina Mojsieva-Guseva**
Institute for Macedonian Literature
University "Ss Cyril and Methodius", Skopje
https://orcid.org/0000-0002-3513-0708

**Keywords**: eco-awareness, environmental education, cultural policy, motivated presence, environment, pollution, eco-activism, children's literature.

**Summary**: Literature can be one of the important factors in raising environmental awareness and educating the youth. The paper starts with the assumption that reading fiction with environmental content encourages care for the environment, emphasizes the need for proper management of natural resources, develops love for nature and every living being, as well as implies awareness of ecosystem preservation.
Through an appropriate analysis of Macedonian children's literary works that deal with environmental topics (eco-awareness, eco-education, pollution, natural environment, protection of animal species, eco-activism) we come to certain conclusions about the quality, shortcomings and the state of eco-awareness among the children's population in Macedonia.
More specifically, the paper will analyze children's science fiction novels: "Planet Octaltz" (1988) by Liliana Beleva (dedicated to an ecological cataclysm); "The Adventures of Marko and Damjan" (2005) by Mirko Zafirovski (who initiates the search for an unpolluted planet). Then, we shall focus on the youth novel "Poplars at the End of Grandfather's Meadow" (2001) by Bistrica Mirkulovska (as an illustration of school ecoactivism); the children's novel "Kinder Kvacka" (1999) by Kiro Donev (through which children can properly and unobtrusively learn about environmental content from an early age); the novel "Professor Ednokamchev" (1999) by environmental activist Mimosa Ristova (dedicated to the problem of the survival of wild bears) and finally the eco-novel "Green Story" (2008) by Zvonko Sharevski (which deals with the problem of forced reclamation).
The performed analysis revealed the problems of insufficient representation of children's environmental literature in formal education, use of literary forms not adapted to the age of children, as well as inadequately processed contents.
This paper was aimed at discovering how the analyzed literary works reflect the relationship of man to the environment in which he lives, highlighting the importance of environmental topics for humanity. All of this is done with one basic goal to initiate the need to create adequate eco-literature in Macedonia, which will lead to changes in the overall attitude of society towards nature.

## Вовед

Сè поголемото загадување на природната средина, на глобално ниво, неминовно го наметнува прашањето за важноста на нејзиното зачувување од последиците на човековата неконтролирана активност. Оваа неповолна состојба, во светски рамки, овозможи нов начин на

набљудување и на разбирање на светот, што во себе ја вклучува екологијата како суштинска дисциплина за понатамошниот развој на човечката цивилизација. Укажувањата за лошата состојба на животната средина во последните години се сè почести и поинтензивни. Со нивното актуализирање се постигнува подобро запознавање на населението со дадениот проблем, што е прв чекор, но не и единствен, до пронаоѓање на адекватни решенија за него. Едно од можните решенија е воведување на културната димензија во еколошката политика. При тоа секако не мислиме на целосно култивирање на животната средина преку уништување на животниот простор на другите животински и растителни видови или воведување на лоши практики, како што е употребата на хемиски средства (пестициди) за заштита на посевите од штетниците, кои потоа негативно влијаат и врз хуманата популација, туку укажуваме дека е потребно воведување на културата во секојдневната човечка практика на едно бенигно ниво, како начин на живот усогласен со животната средина. Зборуваме за примена на културата како имплицитен систем на значења и рамка на повикувања, кои ги поткрепуваат разните институционални практики низ кои, во една држава, се води еколошката политика. Ја воведуваме културата за да го унапредиме разбирањето на начинот преку кои човечките заедници се доведуваат во врска со природната средина, за да ги истражуваме разните начини преку кои општествениот поредок е вплеткан во еколошката политика, да ја оцениме нивната ефикасност и да дадеме извесни препораки за идните поколенија.

Во текот на изминатата деценија општествените науки почнаа сè повеќе да се занимаваат со прашањето: На кој начин, самиот дискурс на животна средина, може да се доведе во врска со културата без да предизвика некакви штетни последици или уништувања на природата? Оваа активност, впрочем, може да се согледа како форма на културна политика, која се спроведува најпрво преку развивање на еколошката свесност на возрасното население, а подоцна и на младите поколенија, кои ревносно ќе ја пренесуваат унапредувајќи го животот на следните генерации. Исто така, испитувањето на дискурсот на животната средина, како културна политика, може да доведе до „реконструкција на начините преку кои се доаѓа до ефектите на културната моќ, како и на нивните општествени импликации“ (Фишер и Хаjер, 2009: 8), односно анализата на дискурсот на животната средина, преку културата, може да отвори многу прашања и да сугерира потреба од формулирање на нова културна политика.

**Развивање на еколошка свесност преку процесот на учење**

Како што веќе нагласивме, свесноста за еколошките проблеми најпрво мораат да ја стекнат возрасните, кои, преку соодветни начини, ќе ја пренесат на децата. Еден од начините за подигање на еколошката

свесност кај младото население е воведување на еколошки содржини во институционалното и неформалното образование на младите и креирање еколошка литература, која ќе помогне во процесот на создавање на население, чии приоритети ќе бидат грижата за околината и за другите животински видови. Овој начин подразбира имплицитно и постојано учење и наталожување на еколошки вредности, концепции и гестови со што тие стануваат дел од човековите свесни и несвесни содржини. Константниот процес на учење и на таложење знаења, како што објаснува Грегори Бејтсон во есеите „Чекори до екологијата на умот“ (Bateson, 1972: 283), секогаш подразбира и промена кај поединецот враќајќи го телото од состојба на отсутност во состојба на присутност. Културните пораки влегуваат буквално и метафорично под кожата на читателот (Strauss, 1992: 3).Толкувајќи ја мотивацијата за прифаќање на културните модели, антрополозите додаваат дека „преку социјалното искуство се натурализира културата.“ (Strauss, 1992: 5). Ваквиот став го доведува поединецот во состојба на мотивирана физичка присутност. Релацијата меѓу дејството и културата, што се должи на мотивацијата, станува општо својство на нашето совладување на знаењето низ практиката. На тој начин се доближуваме до суштината на мотивираната физичка присутност. Оваа состојба е неопходна за да започне процесот на учење да се одвива непречено и да се прифати како природен сегмент од растот и од развојот на секоја човечка индивидуа. Кога веќе постои мотивирана физичка присутност, таа лесно се негува и се развива со посредство на бројни културни содржини од соодветниот домен.

## Македонска детска еколошка литература

Во Македонија има забележителен број на детска литература со еколошка содржина, но од неа речиси ниедно дело не е воведено во образовниот процес. Така што, читањето на оваа литература останува во рамките на незадолжително четиво препорачано од наставниците и од родителите. Како репрезентативни примери од еколошкиот книжевен корпус ќе ги посочам: научнофантастичниот роман на Стојмир Симјановски „Ацела“ (1977) (каде еколошката катастрофа предизвикува изменети услови на животната средина); детските научнофантастични романи „Планетата Окталз“ (1988) и „Омајот на вселената“ (2001), на Лилјана Белева (посветени на еколошката катаклизма), како и романот „Авантурите на Марко и Дамјан“ (2005) на Мирко Зафировски (кој ја иницира потрагата по незагадена планета). Во групата на еколошки романи спаѓаат и: драмската игра за деца „Ети ја спасува Тера“ (1997) на Трајче Кацаров (во чии ликови можат да се препознаат главните загадувачи на животната средина); романот „Четириножни рицари“ (1993) на Киро Донев (посветен на проблемот на загадувањето на животната средина); младинскиот роман „Тополите на крајот на дедовата ливада“ (2001) на Бистрица Миркуливска (посочен како илустрација на

школскиот екоактивизам); детскиот роман „Киндер квачка“ (1999) на Киро Донев (преку кој децата уште од најрана возраст можат правилно и ненаметливо да се запознаат со еколошките содржини); необичниот роман „Професор Еднокамчев“ (1999) на еколошката активистка Мимоза Ристова (кој го истакнува проблемот на преживувањe на дивите мечки) и на крајот екороманот „Зелена приказна“ (2008) на Звонко Шавревски (кој се занимава со проблемот на присилна мелиоризација). На повеќето од нив ќе се задржам поединечно обидувајќи се, преку анализи, да извлечам некои заклучоци за: темите, содржините и квалитетот на детските книги, кои се пишуваат и се објавуваат во Македонија. Верувам дека оваа анализа ќе помогне за подобро согледување на еколошките проблеми бидејќи како што е добро познато книгите се значаен фактор за развојот на мислењето. Преку нив можат да се пренесуваат: знаењата, претставите, сфаќањата и воопшто може да се дојде до сознание за состојбата на екосвесноста кај децата и кај младинците во Македонија.

**Наивноконструирана порака посветена на загадувањето на животната средина**

Како што се забележува од погореизнесените податоци, поголем број од детските еколошки романи го третираат проблемот на загадувањето на животната средина. Некои од нив, кои спаѓаат во жанрот на научна фантастика, одат дури дотаму што ги антиципираат еколошката катаклизма и населувањето на други планети во кои владеат поинакви услови за живот. Таков пример е романот *Планетата Окталз* (1988) на Лилјана Белева, каде што главниот книжевен лик Златко е однесен на планетата Окталз, која е технолошки понапредна од Земјата со „ред и дисциплина и затоа на неа сè функционира совршено“ (Белева, 1988: 35) и според домицилните стандарди сите се чувствуваат среќно и задоволно. На таа планета и „не смеат да си дозволат да го губат времето“ (Белева, 1988: 37) затоа што тие мораат да произведуваат сè: храната, синтетичката облека, воздухот, роботите, дури и децата – донесени на свет на секои „двесте деведесет и седум години“ (Белева, 1988: 36) колку што е човечкиот животен век таму. Иронично, според сфаќањата на Златко, спокојот и мирот на таа планета е обезбеден преку константно мониторирање на жителите „дома, на работа, по улиците“ (Белева, 1988: 44). Секое нивно движење е проследено со туѓи погледи, така што трите милијарди жители, според стандардите на Земјата, се престорени во роботи. Меѓутоа, технолошкиот развој на планетата Окталз не и донел просперитет, затоа што луѓето таму немаат никакви радости и задоволства, „немаат уметности, ниту природни убавини“ (Белева, 1988: 48), а емоциите се сметаат за бескорисни. И покрај високиот технолошки напредок, Супер - Мозокот Аеликс се потпира на предвидувањата на пророчицата Хелеа (која, исто така, потекнува од Земјата) дека Златко, на некој, за нив, сè уште непознат начин, може да ја спаси планетата од

пропаст, од загадените предели со хемиски отрови, од секнатите реки, од новите животински форми, кои се создале како резултат на изместената еволуција (Белева, 1988: 68–71).

Навистина, доаѓањето на Златко ќе го промени животот на оваа планета предизвикувајќи „блаженство во душите на жителите“ (Белева, 1988: 52, 54, 55). Промените ќе ги направи несвесно, преку своето вообичаено однесување: со помош на музиката, така што „производството на кислород неочекувано се зголемило откога работниците ја слушаат неговата музика“ (Белева, 1988: 80); со случајното пронаоѓање на чудесната оаза среде опустошената земја во која природата сама се регенерирала (Белева, 1988: 68, 74); со обновувањето на птичјиот свет преку јајцето, кое случајно се нашло во неговиот ранец и со пошумување на планетата со размножување на грмушката што ја донел од Земјата (Белева, 1988: 80). Кога жителите на Окталз ги виделе промените од дејствувањето на Златко, со воодушевување го молеле да остане кај нив, нудејќи му најразлични награди и привилегии. Но, тој ги одбива нивните молби, а тие, како и читателите на овој роман, извлекуваат поука дека љубовта и другите емоции се најважни и највлијателни човечки манифестации, кои влијаат на однесувањето на сиот природен свет, односно, влијаат на односите меѓу сите јунаци на оваа, како што ја определува критичарот Миодраг Друговац, „наивна, исконструирана и како таква неуверлива утопија, напишана со добри намери, а без соодветни уметнички заложби“ (Друговац, 1996: 389).

**Недоволнообработена еколошка порака за загадувањето и технолошкиот развој**

Загадувањето односно „есхатолошкиот мотив на уништувањето на планетата во катаклизма предизвикана од човечки фактор“ е присутно и во научнофантастичниот роман за деца „Авантурите на Марко и Дамјан“ од Мирко Зафировски. Станува збор за роман во чија основа стојат авантурите на двајцата братучеди и нивните средби со технолошкопонапредните вонземјани, со кои споделуваат најразлични необични искуства. Во однос на дејствието, овој роман е мошне динамичен, поткрепен со приказни од патувања на јунаците на повеќе планети, што го вбројува романот во поджанрот на спејс-опера. Овој поджанр од научната фантастика, според убедувањата на Жан Гатењо, изнесени во книгата „Проблемите и значењата на научната фантастика“ (1976) се присутни „циклуси на авантури со стереотипна структура, каде што допирот со непознатото има едноставно улога на зачин“ (Gattegno, цит. Урошевиќ, 1988: 197).

Планетата од која доаѓаат понапредните вонземјани, поради долгогодишното, несовесното користење на природните ресурси, „почнала да се загадува“ (Зафировски, 2005: 81). Тоа ќе биде и причината за нивното доаѓање на Земјата и за неетичката постапка на негативецот –

Црниот ѓавол, кој, затоа што неговата татковина била уништена, со измама, успева да ги освои новата планета (Земјата) и нејзините жители.

Како што се наведува во романот, Црниот ѓавол „пред да дојде кај нив, живеел на една планета, каде техниката, технологијата и компјутеризацијата биле на многу високо ниво... “. Но, тамошните жители „без многу да мислат на иднината на својата планета, а со тоа и на својата иднина, од ден на ден сè повеќе ги загадувале водите, почвата, воздухот. Така нивната планета била толку загадена, што повеќе не можела да дава род, водите биле толку загадени што животот во потоците, реките, езерата и морињата не бил можен, како и воздухот, кој бил полн со отровни гасови....“ (Зафировски, 2005: 65–66).

Како и во повеќето технолошки напредни општества, сите параметри се следат од едно место – од главниот компјутер, кој, преку своите константни пресметки и истражувања, утврдил дека „наскоро разновидните гасови што се насобрале во и околу планетата, ќе почнат да се мешаат, што ќе доведат прво до мали и поединечни експлозии а потоа до големи, со можност на една единствена, која може да доведе до распаѓање на планетата“ (Зафировски, 2005: 65–66). И точно тоа и се случило, планетата на Црниот ѓавол, иако технолошки многу понапредна, била уништена со експлозија од невидени размери „при што загинале милиони луѓе“ (Зафировски, 2005: 66).

Меѓутоа, наместо да извлече поука од дадената ситуација, Црниот ѓавол продолжил и понатаму лошо и егоистично да се однесува, што се согледува преку: неодговорното пуштање на вселенскиот брод, кој „го оставил да се движи во бескрајниот простор на вселената, а со малото летало се спуштил на планетата“ (Зафировски, 2005: 67) на која „се уверил дека условите за живот се одлични“ (Зафировски, 2005: 65–67); преку експлоатацијата на новонаселената планета; со измамата со која ги пренел гостопримливите жители од планетата Земја уште од времето на Александар Македонски на новата планета (Зафировски, 2005: 67); преку теророт, кој го спроведувал врз нив, како и врз целиот жив свет. Имено, на новата планета сè се движело спротивно од нормалното, а причината за ваквата фантастична ситуација била во теророт спроведуван од Црниот ѓавол, кој „го програмирал големиот компјутер со испуштање на високофреквентни нечујни звуци, да делува на центрите на движење на сè што е живо, така што при секаков обид да се движат напред, тие само стојат или лебдат, иако имаат желба и потреба за движење“ (Зафировски, 2005: 76). И не се случувало само тоа, неговиот голем компјутер со процесот наречен „трансмисија“ (Зафировски, 2005: 70–71) ја црпел енергијата од селаните и на тој начин го обновувал и го одржувал сопствениот живот.

Како и повеќето детски авантуристички научнофантастични приказни, и оваа завршува среќно, така што главните јунаци го уништуваат големиот компјутер од кој доаѓала заканата, а како последица на

таа нивна постапка и Црниот ѓавол почнал да ја губи својата сила. Со други зборови, доброто го совладало злото на еден веќе вообичаен начин, кој го среќаваме во шематизирани детски приказни, како што објаснува психологот Натка Мицковиќ: „Децата, по правило, доброто и убавото ги чувствуваат како идентични или мошне блиски категории, а исто така и нивните опоненти, лошото и грдото, речиси ги изедначуваат" (Мицковиќ, 1988: 45). Меѓутоа пренагласената етичка компонента при сликањето на светот може да го уништи романот, односно ако „моралната поука е крајната тенденција на делото, тоа може да го деструира делото и да ја оневозможи естетската функција" (Мицковиќ, 1988: 45). Значи, доколку сѐ се сведува на шематизирано црно-бело претставување и величање на етичкото, ќе се превиди реалниот свет и неговата сложена разновидност. Оттука, говорејќи за воспитните можности на литературата за деца, Натка Мицковиќ ќе посочи дека преку литературата децата треба: „... да го откриваат светот низ сето негово богатство на пројави, да го опфатат човековото однесување во сета негова разновидност, и така, афирмирајќи го тоа непресушно разнообразие на светот, да ги откриваат страните на доброто" (Мицковиќ, 1988: 45).

Доживувањата на Марко и Дамјан и нивната дружба со вонземјаните не завршуваат тука. Нарацијата се префрлува на описот на случката кога нивниот дедо се разболува од тешка болест и тие во очај бараат лек од технолошкопонапредните вонземјани. Но, на нивно големо изненадување, од вонземјаните дознаваат дека лекот што го бараат се наоѓа во природата – во растенијата што растат на планетата Земја, која, за разлика од нивната планета, не била до тој степен загадена и сѐ уште на неа постојат „чисти делови каде може да се најде лек за разни болести" (Зафировски, 2005: 81). Еден од тие лекови е растението гуава, кое, по долги авантуристички потфати, Марко и Дамјан успеваат да го обезбедат и да го оздрават својот дедо.

Потоа, без некое конкретно објаснување, се наведува дека вонземјаните, со многу необични пронајдоци, им помогнале на жителите на планетата Земја, како што се: еколошкото производство на енергија од човечката мисла „така што оваа енергија трае бесконечно односно трае сѐ додека живее личноста" (Зафировски, 2005: 102).

Амбициозно замислен, како по должина, така и по темите што ги зачнува без да ги обработи соодветно докрај, овој детски роман е само еден од низата романи во кои изостанува поексплицитна елаборација на настаните и поради тоа дејствува збунувачки за младата детска популација. Исто така, во него не е секогаш јасно посочена мотивираноста на јунаците за конкретни дејства, така што поуките што треба да ги извлечат младите читатели од содржината остануваат незабележани извлекувајќи се нечујно и бавно од нивниот светоглед, без да оставаат некој посебен впечаток.

**Неприспособена порака на возраста, посветена на загадувањето на животната средина**

Од корпусот на македонска детска литература, посветена на проблемот на загадувањето, и во една друга пригода пишував – за детскиот роман „Тополите на крајот од дедовата ливада“ (2001) од Бистрица Миркуловска, истакнувајќи го како несоодветен пример на детска книга преку која треба да се влијае врз градењето на екосвеста на учениците. Несоодветноста произлегува од начинот на кој авторката ја презентира материјата. Сакајќи да биде сеопфатна во презентацијата, таа „екстензивно и со речник типичен за стручната јавност ги набројува актуелните еколошки проблеми што се појавуваат во живот на едно просечно скопско семејство, доселено од малиот град Кочани, во кој, за разлика од аерозагаденото и пренаселеното Скопје, има многу зеленило, чиста мала рекичка и тополи на крајот од дедовата ливада“ (Mojsieva-Gusheva, 2019: 87).

Без доволно да се обрати внимание на мотивираноста на децата за преземање на еколошки активности, едноставно се соопштува дека децата решаваат да ја променат состојбата, најпрво преку разговорот во фамилијата. Така синот Влатко, самоиницијативно покажува голем интерес за запалената дива депонија „Вардариште“, крај Скопје, од којашто испаруваат различни отровни гасови, од чијшто мирис не може ноќе да се спие (Миркуловска, 2001: 54). По неговата стручна експликација за тоа што сè се презема да се ревитализира земјиштето на депонијата, таткото, со нескриено воодушевување, ѝ се обраќа на сопругата: „Злато, го слушаш син ти како стручно се изразува: ревитализација, тампонирање, отплинување, хидрантна мрежа!“ (Миркуловска, 2001: 54).

Како освестен активист, Влатко се зачленува во еколошката секција во неговото училиште. Тука, во друштво на своите соученици, секојдневно, небаре како да е член на некое советодавно владино тело, дискутира и за многу други актуелни еколошки проблеми, присутни низ цела Македонија: за спасот на Дојранското Езеро, кое во 1988-та година, се соочило со опасност од исушување поради тоа што од грчка страна почнале да испуштаат огромни количества вода што ја употребувале за наводнување на полињата (Миркуловска, 2001: 123); за дивите депонии во: Струга, Тетово, Кавадарци; за вонредните мерки што се преземаат против загаденоста на воздухот во Скопје (Миркуловска, 2001: 180).

Неговиот ангажман не се состои само од зборување, туку тој, заедно со своите другари, се вклучува во низа акции за: пошумување на селото Батинци, кое се наоѓа близу другата скопска депонија „Дрисла“, која, исто така, не работи според еколошките стандарди; за испитување на составот на водата од Маркова Река (Миркуловска, 2001: 69) во која веќе не се среќаваат ниту риби, ниту ракчиња, како некогаш; за расчистувањето на расфрлениот градежен и комунален отпад по скопските улици (Миркуловска, 2001:94); за чистењето на блиската парк-шума Водно, од

несовесните посетители, кои не ги почитуваат планините и нивните природни богатства (Миркуловска, 2001: 133).

Покрај конкретните еколошки акции, тој, со своите другари, работи на полето на едукацијата на населението организирајќи литературен и ликовен конкурс на еколошки теми (Миркуловска, 2001: 59). Но, за жал, децата покажуваат повеќе активност и свесност за последиците од еколошките катастрофи отколку возрасните бидејќи ситуацијата со која се соочуваат и натаму останува иста и покрај тоа што речиси секој од жителите на Македонија, во одредени околности, го почувствувал неповолното влијание од загадувањето. Според заклучоците на Влатко, проблемот најверојатно лежи во фактот што луѓето, иако се согласуваат да се намали загадувањето, не се согласуваат на кој начин треба да се изведе тоа.

Поради несогласувањето на возрасните децата чувствуваат длабока потреба и носталгија повторно да се вратат во природата, да се препуштат макар само за миг на безгрижната детска игра по дедовите ливади. Тоа е мотивација повеќе да посадат исти такви тополи, како од дедовата ливада во Кочани, во дивата депонијата „Вардариште“, која секојдневно ја гледаат од нивниот прозорец (Миркуловска, 2001: 194).

Несомнено е дека преку овој роман децата имаат можност подробно да се запознаат со актуелните македонски еколошки проблеми на еден екстензивен и стручен начин. Но, поетиката на литературата за деца, „покрај воспитно-образовната ја подразбира и естетската порака“ (Мојсова-Чепишевска, 2019: 129). Затоа е неминовно да се поставаат прашањата: дали стилот на кој е напишана е пригоден за возраста на која е наменета, колку вака срочената детска книга стигнува до младите читатели, дали е таа интересно и популарно четиво за нив? За да се одговори на нив, секако дека е потребна поопсежна анализа проследена и со соодветна анкета. Но, она што можам накратко да го заклучам и да го изнесам во оваа пригода е резултатот од повеќе јавнообјавени мислења и анкети[1], а тоа е дека децата од 21 век сѐ помалку читаат (особено не долги книги од 250 страници колку што има посочената), туку повеќе се привлечени од кратки електронски содржини, напишани забавно и провокативно, кои, низ процесот на игра, ги воведуваат и ги едуцираат во различни области. Во тој контекст сметам дека во иднина треба повеќе да се води сметка за соодветната приспособеност на еколошката детска литература кон возраста на децата.

[1] Податоците се земени од заклучоците на анкетата *Читатели на иднината*, спроведена во декември 2016 година преку програмата *Креативна Европа* од двете универзитетски професорки Нина Анастасова-Шкрињариќ и Илина Јакимовска.

**Леснoприфатлива еколошка порака за умереното консумирање**

Покрај значителниот број несоодветни детски еколошки романи, има и спротивни примери на книги, кои, со радост, се прифатени од детската популација и претставуваат неизоставно четиво како во неформалното, така и во формалното образование. Ситуацијата на овој план во формалното образование во последно време се подобрува, а очигледен пример за ова тврдење е новиот предлог-список за лектирни изданија на кој се наоѓа една популарна книга меѓу детската популација – романот „Киндер квачка“ (1999) на Киро Донев, преку која децата можат, соодветно и ненаметливо, да се запознаат со еколошките содржини.

Во романескната нарација доминира секојдневниот едноставен живот на една повозрасна брачна двојка. Но, она што ја движи целата нарација е ликот на дедо Илија – страсниот планинар, кој, поголемиот дел од своето време, го минува во мочуриштето и во дивината (каде што си изградил наколна куќичка и рибник). Тој е среќен и задоволен од ваквиот асоцијален начин на живот иако многу често останува несфатен од најблиските, кои го нарекуваат со различни шеговити прекари. Но, тоа нема да го спречи овој витален пензиониран учител да го живее животот во согласност со природата и со своите еколошки убедувања, коишто се труди да им ги наметне и на младите генерации. Тој, преку зборови, дела и игри, се обидува да ги развие, кај својот внук, почитта кон природата и еколошката свест за умерено консумирање на плодовите од неа.

„Зошто да береме повеќе отколку што ни е потребно? Природата, внучко, не ги сака натрапниците, оние што одат во уништувачки походи на нејзините природни богатства. На нејзината богата трпеза, има место и храна за секого, речиси, во сите годишни времиња. Но, секој треба да си земе само толку, колку што му е доволно да се прехрани, да опстане, а и да остави од тоа и за оние што ќе дојдат по него…. Само оној кој ја почитува природата, кој ја брани и ја чува, оној кој не ја нарушува нејзината рамнотежа и ги почитува нејзините непишани закони само тој има право да ги користи нејзините добра!“ (Донев, 1999: 75).

Неговите одмерени, мудари зборови и смислени игри, кои се протегаат низ целата нарација, некако природно се наметнуваат преку вешто сплетени разговори и активности. Пласирана на ваков забавен и игрив начин, еколошката порака лесно може да допре до децата, кои, со задоволство, ќе ја прифатат и долго ќе ја паметат.

**Леснoприфатлива еколошка порака за присилната мелиоризација**

Леснoприфатлива еколошка порака го донесува и вештосплетениот роман за деца „Зелената патрола“ од правникот, по вокација, Звонко Шавревски, кој, според зборовите на авторот на предговорот – писателот Велко Неделковски, изобилува со: „природни дијалози, засенчени ликови, возбудливи настани и градација како скалило по кое дејството

успешно се искачува сè до конечниот епилог“ (Неделковски, 2008: 238). Пораката на некогашните деца од дружината Зелена патрола, изречена на крајот од романот е многу едноставна и искрена. Таа се однесува на проблемот на присилната мелиоризација на струшкото блато и гласи: „Можеби, еднаш одамна не успеавме да го сочуваме блатото, но денес, мораме да го заштитиме езерото“ (Шавревски, 2008: 234) од илјадниците литри нечиста вода што, преку канал, се влеваат директно во езерото.

Всушност дејствието на целиот роман е сконцентрирано околу детските игри, кои се одвиваат во шамакот на струшкото блато и акциите, кои подоцна ги преземаат децата за да го спасат од исушување своето омилено место за играње. Непристапниот терен на мочуриштето им ја овозможуваше на децата посакуваната изолација, слободата на дружењето и авантуристичките потфати. Игрите во него понекогаш наликувале на разновидни имитации на реални животни ситуации, полни со изненадувања, но друг пат тие биле и со едукативен карактер затоа што како што се наведува во романот:

„Блатото си имаше и мноштво свои постојани жители. Едно чудо штркови, чапји и пеликани доаѓаа на овој простор во лов на жаби и риби кои ги имаше од сите видови. Низ трските се сновеа најразлични пеперутки, вилински кончиња, комарци и секакви други инсекти. Имаше и многу змии, но сите тие беа водени и неотровни, така што ние воопшто не им се плашевме. Понекогаш трагавме да уловиме некаква ретка птица или чудна пеперутка за да ја однесеме во Природно-научниот музеј во Струга“ (Шавревски, 2008: 18 – 19).

Сета таа идила е нарушена неочекувано од геодети, многу работници, камиони и тешки машини кои требаа да го „копаат новиот канал низ блатото“ (Шавревски, 2008: 91). Отпрвин децата не биле свесни за заканата што им се подготвува затоа што мислеле дека по новиот канал ќе можат полесно да се движат низ блатото. Но, набргу кога „тревата пред трските ја изгуби својата темно зелена боја“ (Шавревски, 2008: 113) и „трските почнаа да венеат и да се сушат“ (Шавревски, 2008: 113) им станало јасно дека „низ каналот не може веќе да се весла“ (Шавревски, 2008: 113) и дека тие полека но сигурно го губат своето мочуриште. Целта на сета оваа мелиоризација било да се добие плодно земјиште на кое ќе може да се одгледува повеќе храна за луѓето, без при тоа да се води сметка за целиот разновиден животински и растителен див свет и екосистем, кој ќе биде уништен. Затоа децата интензивно размислувале како да ги предомислат властите во нивната кобна намера и да ги натераат да сфатат дека „не можат да се борат против природата и дека им се доволни овие ниви кои веќе ги имаат“ (Шавревски, 2008: 120). Во борбата против градителите, тие коваат најразлични планови да ја забават работата на градилиштето. Некои од нив, како расипувањето на багерите, се покажале неуспешни, па затоа биле принудени да преземат многу поопасни акции, како што се минирање на самата брана,

што на крајот ќе доведе до нивно кривично гонење. Како резултат на потрагата по подметнатиот експлозив, едно нивно другарче трагично го губи животот, а децата и ден-денес, со горчина, се сеќаваат на овој потресен настан и на нивните детски авантури со кои не успеале да го спасат мочуриштето. Но, сепак, како поучна порака, која ќе ги следи до крајот на животот овие некогашни деца, како и сите сегашни што ја читаат оваа книга, ќе остане свеста дека „Земјата е ограничен простор", кој треба паметно да се користи за да остане непроменет и за следните генерации и да трае што подолго.

**Леснoприфатлива еколошка порака за опстанокот на загрозените видови**

На ист таков едукативен и лесноприемлив начин, со љубопитната детска популација комуницира и необичниот еколошки роман за деца (но и за возрасни, бидејќи тој истовремено може да се толкува и метафорично) – „Професорот Еднокамчев"[2] (1999) од универзитетската професорка Мимоза Ристова – основач и претседател на Еколошкото друштво „Екомедиа", авторка на веб-страницата, на тема 10 македонски еколошки приказни (достапна на мрежата www.soros.org.mk.eco), организаторка и афирматорка на повеќе проекти од полето на заштитата на животната средина.

Таа зборува за проблемот на опстанокот на дивите мечки, на еден специфичен начин. Во однесувањето на мечките таа намерно вметнува човечка перспектива, која се однесува на нужноста од нивна едукација, како предуслов за опстанокот во новонастанатите услови во дивината. Имено, романот е конструиран како синтеза од вметнати парчиња на досетливи приказни презентирани од искусниот професор – мечокот Еднокамчев. Преку нив, тој ги учи младите мечиња за потребата од слободно движење, за законитоста на природниот синџир, кој е сочинет од грабливци и жртви, за алчноста на човекот, кој е најголем канибал и загадувач, за тајните на научниот свет, за опасноста од озонските дупки, за глобалното затоплување, за киселите дождови, за разорната моќ на атомските бомби, но и за добрите луѓе, кои поставуваат ГПС-уреди на телата од загрозените шумски видови и им помагаат да преживеат, и уште многу други корисни работи. Самиот Еднокамчев, чиј прадедо бил херој меѓу мечките бидејќи успеал со еден камен да им нанесе тројна штета на ловциите[3] (по што и го добил и својот прекар) и силно верувал во моќта на едукацијата и на мечките и на луѓето, како во

[2] Писмото на овој роман исполнето со широка алузија на политичките односи во македонското современо општество, но и на цивилизацијата во целост, овозможува тој да се толкува и алегориски. Тоа е уште еден дополнителен квалитет на овој необичен роман.
[3] Прадедото на проф. Еднокамчев -„Муфо Еднокамчев само со еден единствен камен успеал на лошиот човек да му стори три бељи: раскрвавена глава, скршена стапица и уништена пушка" (Ристова, 1999:50-51).

најдобро средство во справувањето со непријателското расположение меѓу нив и во подобрувањето на нивните заемни односи. Според него, успехот на нивниот пријателски однос лежи во продлабоченото разбирање на суштината на нивната поединечна природа и потребите, но и во самоконтролата и свесните ограничувања на нивните желби и удобности. Таквото убедување траело сè до неговата старост кога сфатил дека човекот е доминантно суштество на планетата Земја, кој поседува таканаречена *инхерентна вредност*[4] (Žarden, 2006: 190), што му дава исклучително право да решава за другите и дека само човековиот здрав разум може да помогне за спас на целата планета. А ним, на мечките, им преостанува само да се размножуваат и да преживеат. Овој метафоричен роман ја глорифицира едукацијата до степен на апсурдност нагласувајќи дека само свесноста на човекот за еколошките проблеми е клучот на успехот на опстанокот на различните видови. Таа лекција треба да ја совладаат сите деца уште од најмала возраст.

**Заклучоци поврзани со македонската детска еколошка литература**

Екологијата, на посебен начин, се поврзува со младите поколенија, преку читање еколошка литература, која влијае врз развивањето на нивната еколошката свесност. Од посочениот преглед се забележува дека еколошката литература за деца најчесто се фокусира на проблемите со загадувањето на животната средина, кои се можеби едни од највпечатливите, но е потребно да се обрне внимание и на другите аспекти од еколошката материја за да можат младите да стекнат адекватни знаења и да бидат целосно информирани за процесите, како што се: заштита на дивите растителни и животински видови, едно од културните посеви, глобалното затоплување, климатските промени, уништувањето на шумите, злоупотребата на фосилни горива, рециклирањето и др. Покрај согледувањата за недостатокот на застапените теми, како проблем се наметнува и начинот на презентација на материјалот. Оваа литература не е адекватна секогаш за возраста на која е наменета, ниту е секогаш доволно добро формулирана со јасна и впечатлива порака, која ќе остави силна трага во детската меморија.

Размислувајќи како да се надминат овие слабости, претпоставуваме дека можеби проблемот би се решил со воведување на екологијата во наставниот процес, што неминовно би довело до креирање на поголем број разновидни и поквалитетни содржини. Овие предлози произлегуваат од сознанието дека потпирањето врз личниот интерес на: авторите, родителите и децата за одредени теми не се покажа како доволно добра стратегија за квалитетни изданија, кои треба да придонесат за подигање

[4] Инхерентната вредност според сфаќањата на филозофот Том Реган означува поседување на вредност која не зависи од интерес, потреба или корист туку тоа е вредност во себе и по себе.

на свесноста кај децата. Со текот на времето се потврди тезата дека спонтаното препуштање на волјата на чинителите, вклучени во процесот, е само парцијално решение за проблемите, кои од ден на ден сè повеќе се зголемуваат.

**Заклучоци за развитокот на еколошката свесност и активност во Македонија**

Паралелно со растот на еколошките проблеми расте и потребата за развивањето на свесноста кај младата популација за нив и желбата за нивно надминување. Но, запознавањето со проблемите и растот на свесноста не се доволни за успешно справување со нив. Познат е фактот дека најдобро и најбрзо се учи низ лично искуство, за кое, во Македонија, не се води доволно грижа и не се практикува во доволна мера. Наспроти ваквиот нецелисходен начин на учење, се применува „еден од најтешките начини на учење преку усвојување на заклучоци“ (Роџерс, 2015: 277) понекогаш и неадекватно сервирани во детските еколошки книги од кои никој не учи значително многу.

Со еден збор, можеме да заклучиме дека на патот на развивањето на еколошката свесност кај децата во Македонија постојат многу недоследности и проблеми, кои можеме да ги формулираме во следнава насока. Неадекватно и недоволното присуството на еколошката литература во образовниот процес кај детската популација, заедно со еколошките движења кои, сè уште, кај нас, во Македонија, се на работ на општествениот интерес, доведоа до занемарување на еколошките проблеми.

Овде се поставува прашањето: Зошто е тоа така, зошто во Македонија свесноста за здрава животна средина сè уште не го зазема местото што реално го заслужува? Дали е тоа така затоа што, како возрасни индивидуи, сè уште не сме свесни за неминовната поврзаност на човекот со природата или, пак, не сме ангажирани доволно во насока на пренесувањето на еколошката свест на младите генерации?

Претпоставуваме дека и двете премиси се точни затоа што иако, во Македонија, постојат еколошки здруженија, кои константно алармираат за различни еколошки проблеми и активно се вклучуваат во подигањето на свесноста на целата популација – вклучително и на децата, сепак не се случуваат видливи промени на тој план, најверојатно, бидејќи нивната активност не ги задоволува потребите. Таа, главно, се состои во потенцирање на важноста на екологијата преку организирање на различни промоции, настани и работилници. За жал, овие активности се одвиваат инцидентно и ревијално, најчесто поттикнати од странските амбасади или од деловни субјекти, кои сакаат да се промовираат како еколошки свесни компании. Многу ретко, речиси инцидентно, се одржуваат спонтани самоиницијативни настани поттикнати од реални потреби, организирани од навистинаосвестени субјекти.

Иако во неформалното образование во Македонија посебно внимание му се посветува на развивањето на еколошката свест уште од најрана детска возраст со промовирање и со обработување на најразлични еколошки содржини, сепак, се чувствува недостиг од континуирана посветеност на проблемот. Сите тие активности остануваат во рамките на иницијативите на поединците затоа што екологијата не е вклучена во наставната содржина, ниту пак во задожителната лектира во основното и во средното образование. Евидентно е дека нејзината присутност во наставниот процес е инцидентна, за што сведочи и фактот дека институционално се среќава само на неколку високошколски установи. Имено, екологијата се изучува како посебна насока на Факултетот за биолошки науки во Скопје во додипломски и во постдипломски степен на образование преку кој младите поколенија се едуцираат за важноста на екологијата за опстанокот на следните генерации мотивирајќи се за живот усогласен со природната средина. На Филозофскиот факултет, во рамките на студиската програма по Филозофија како изборен предмет, е понудена содржината Основи на биоетика, додека на студиската програма по Социологија се изучува предметот Социјална екологија. Исто така, во Институтот за македонска литература, во рамките на магистерските и докторските студии „Културолошки студии“ неодамна беа понудени предметите: еколошка култура, екокритика и екокултурни теории за попродлабочено да се пристапи кон проблемот и да се промовира креираањето културолошки производи со еколошки предзнак. Допрва, како што расте свесноста за нејзиното значење, почнува поинтензивно да се воведува оваа содржина во високошколскиот образовен процес. Сепак, недостасува конкретна организирана еколошка едукација од најмала возраст до високото образование. Проблемот зошто е ваква ситуацијата во Македонија, најверојатно лежи во инертноста на општеството и на политичките власти, кои сè уште гледаат на екологијата како на потрошувачка област, која може да се заобиколи, без да бидат свесни дека еколошките проблеми треба да бидат во центарот на вниманието на младите уште од најрани години.

**Литература/References:**

Анкета. (2016) *Читатели од иднината*. Програма Креативна Европа-Македонија. [Anketa. (2016) *Čitateli od idninata*. Programa Kreativna Evropa Evropa-Makedonija] (In Macedonian) URL: http://readersofthefuture.com/wp-content/uploads/2017/02/Survey-Report_MK.pdf (датум на пристапување: 25.10.2020)

Белева, Лилјана. (1988). *Планетата Окталз*. Детска радост: Скопје. [Beleva, Liljana. (1988). *Planetata Oktalz*. Detska radost: Skopje] (In Macedonian)

Белева, Лилјана. (2001). *Омајот на вселената*. Култура: Скопје. [Beleva, Liljana. (2001). *Omajot na vselenata*. Kultura: Skopje] (In Macedonian)

Донев, Киро. (2016). *Киндер квачка*. Просветно дело: Скопје. [Donev, Kiro. (2016). *Kinder kvačka*. Prosvetno delo: Skopje] (In Macedonian)

Друговац, Миодраг. (1996). *Македонската книжевност за деца и младина.* Детска радост: Скопје.[Drugovac, Miodrag (1996). *Makedonskata književnost za deca i mladina.* Detska radost: Skopje] (In Macedonian)

Зафировски, Мирко. (2005). *Авантурите на Марко и Дамјан.* Макавеј: Скопје. [Zafirovski, Mirko.(2005). *Avanturite na Marko i Damjan*. Makavej: Skopje] (In Macedonian)

Кацаров, Трајче.(1997). *Ети ја спасува Тера*. Феникс. Скопје. [Kacarov, Trajče. (1997). *Eti ja spasuva Tera*. Feniks. Skopje] (In Macedonian)

Мицковиќ, Натка. (1988) *Литературата за деца и нејзините воспитни можности*. Самоуправна практика: Скопје. [Micković, Natka. (1988). *Literaturata za deca i nejzinite vospitni možnosti*. Samoupravna praktika:Skopje]. (In Macedonian)

Миркуловска, Бистрица (2001) *Тополите на крајот од дедовата ливада*. Македоника, Скопје.[Mirkulovska, Bistrica (2001). *Topolite na krajot od dedovata livada.* Makedonika. Skopje]. (In Macedonian) URL: http://www.makedonika.mk/viewer.html?book=f5ee381d-6284-40ed-8a56-efb5d6e9cb4f# (датум на пристапување: 15.06.2022)

Мојсова-Чепишевска, Весна. (2019). *Клуч во клучалката на детството*. Матица македонска:Скопје. [Mojsova-Čepiševska, Vesna. (2019). *Ključ vo ključalkata na detstvoto*. Matica makedonska:Skopje] (In Macedonian)

Неделковски, Велко. (2008). Поговор. во *Зелената приказна*, Шаврeвски, Звонко. Детска радост: Скопје. [Nedelkovski Velko. (2008). Pogovor. vo *Zelenata prikazna*. Šavrevski, Zvonko. Detska radost: Skopje] (In Macedonian)

Ристова, Мимоза. (1999). *Професорот Еднокамчев*, Ми-Ан: Скопје. [Ristova, Mimoza. (1999). *Profesorot Ednokamčev*. Mi-An: Skopje] (In Macedonian)

Роџерс, Р. Карл. (2015). *Како се станува личност*. Арс студио: Скопје. [Rogers Carl. (2015). *On becoming a person*. Ars studio: Skopje.] (In Macedonian)

Симјановски, Стојмир. (1977) *Ацела*. Детска радост: Скопје. [Simjanovski, Stojmir. (1977). *Acela*. Detska radost: Skopje.] (In Macedonian)

Урошевиќ, Влада. (1988). Демони и галаксии, Македонска книга; Скопје. [Urošević, Vlada. (1988). Demoni i galaksii. Makedonska kniga:Skopje.] (In Macedonian)

Фишер Френк и Хајер Мартен (2009) *Живеење со природата*. Табернакул: Скопје. [Fischer Frank & Hajer Maarten (2009) *Živeenje so prirodata*. Tabernakul: Skopje] (In Macedonian)

Шаревски, Звонко. (2008). *Зелената приказна*. Детска радост. Скопје. [Šarevski, Zvonko. 2008. *Zelenata prikazna*. Detska radost: Skopje.] (In Macedonian)

Bateson, Gregory. (1972). Steps to an Ecology of Mind. University of Chicago Press.

Mojsieva - Gusheva, Jasmina. (2019). Екологијата како книжевна тема (македонско-хрватски паралели). [Ekologijata kako književna tema (makedonsko-hrvatski paraleli)] Međunarodni znanstveni skup Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze 5. Rijeka Bo: *Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze.* Prir.: Durić, D., Zubčić, S. Sveučilište u Rijeci: Rijeka. (In Macedonian) str. 85-97.

Strauss, Claudia. (1992). Introduction. In Roy D'Andrade & Claudia Strausss, *Human Motives and Cultural Models.* Cambridge: Cambridge University Press.

Žarden, Džozef R. de (2006) *Ekološka etika. Uvod u ekološku filozofiju*, Službeni glasnik, Beograd. (In Serbian)